**20201161577**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

Врз основа на член 158 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 14/20), министерот за одбрана донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ДОДАТОКОТ НА ПЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА СПЕЦИФИЧНА ВОЕНА СЛУЖБА НА МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Правилникот за висината на додатокот на плата за вршење на специфична воена служба на медицински персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.24/20), во членот 2 во воведната реченица, зборовите „кој работи како здравствен работник или здравствен соработник, кој извршува должности во превентивната, примарната и специјалистичко-консултативна здравствена дејност,” се заменуваат со зборовите „кој извршува должности или работи како здравствен работник и здравствен соработник”.

Во членот 2 се додава нов став (2), кој гласи:

„Под медицински персонал од ставот (1) на овој член, се подразбира и воен и цивилен персонал на служба во Армијата - здравствен работник или здравствен соработник, упатен на стручно оспособување и усовршување за потребите на службата (специјализација).”

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 01-2273/1
29 април 2020 година
Скопје

Министер за одбрана,
**Радмила Шекеринска-Јанковска**, с.р.